**ИЗВРШИТЕЛ**
**Александра Заринска Дуровска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен кривичен суд Скопје**
**Основен граѓански суд Скопје**
**ул.Народен фронт бр.13/10,**
**П.фах 819 1001 Скопје**
**23127-226**
**izvrsiteldurovska@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр.484/2019**

Извршителот **Александра Заринска Дуровска** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Друштво за производство, инженеринг, трговија и услуги МОНТИНГ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Битола** со ЕДБ 4002014535176 и седиште на ул.Новачки пат бр. 1, Битола, преку полномошник Адвокат Игор Петковски од Битола со седиште на ул. Елпида Караманди 13/1 лок 1, засновано на извршната исправа Пресуда ПЛ1-ТС-1965/18 од 18.04.2019 на Основен суд Скопје 2, за кое побарување доверителот има право на одвоено намирување со Решение 2 СТ-91/19 од 04.02.2020г на Основниот граѓански суд Скопје , против должникот **ТЕХНОМЕТАЛ ВАРДАР извоз-увоз Акционерско друштво за надворешен и внатрешен промет Скопје – во стечај** со ЕМБС 4091639 и седиште на ул.Ѓуро Стругар бр. 5 со стечаен управник Димитар Калков од Гевгелија ул. Кукушка бр. 20Б Гевгелија, за спроведување на извршување во вредност 3.402.669,00 ден., на ден 05.10.2023 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
### (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста запишана на **Имотен лист број 69469 за КО Маџари на АКН- Скопје,** сопственост на должникот **ТЕХНОМЕТАЛ ВАРДАР извоз-увоз Акционерско друштво за надворешен и внатрешен промет Скопје – во стечај** означена како:

- КП 2210, дел 2, викано место Б.Милошевски, култура гз/гиз со површина од 230м2
- КП 2210, дел 2, викано место Б.Милошевски, култура гз/зпз 1, со површина од 25м2
- КП 2210, дел 2, викано место Б.Милошевски, култура гз/зпз 2, со површина од 29м2
- КП 2210, дел 2, викано место Б.Милошевски, култура гз/зпз 3, со површина од 29м2

НАПОМЕНА: На дел од земјиштето предмет на продажба постојат изградени нелегални објекти кои не се запишани во имотен лист во владение на трети лица. Објектите не се предмет на проценка и продажба

Продажбата ќе се одржи **на ден 31.10.2023 година во 12:00 часот** во просториите на извршител Александра Заринска Дуровска , ул.Народен фронт бр. 13/10

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.484/2019 од 22.08.2023 година изнесува **20.359,00 евра** во денарска противвредност по среден курс на НБ на РСМ на ден на уплата, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености : Налог за извршување И.бр.484/2019 од 22.07.2019 г на извршител Александар Пулејков

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, најдоцна до 30.10.2023 година

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300000004679219 која се води кај АД Комерцијална Банка Скопје и даночен број 5080021510647.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л

**Александра Заринска Дуровска**